ТТК БАНКА АД Скопје
ул. „Народен Фронт“ бр. 19а
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
тел: 02/32 47 000 факс: 02/31 31 387

www.ttk.com.mk
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
тр. с-ка: 290-1000000000-46

Во согласност со Одлуката на Советот на Народна банка на Република Македонија за објавување податоци и извештаи од страна на Банката („Службен весник на РМ“ бр.134/2007), ТТК Банка АД Скопје објавува

# ИЗВЕШТАЈ И ПОДАТОЦИ

со состојба 30.6.2022 година
објавено на 15.7.2022 година

**Содржина**:

1. Податоци за Банката
2. Податоци за акционерската структура на Банката
3. Податоци за сопствените средства и адекватноста на капиталот на Банката
   3.1. Податоци за стапка на задолженост

| **1. Податоци за Банката** | |
|---|---|
| **Назив** | ТТК Банка АД Скопје |
| **Седиште** | Скопје, ул. „Народен фронт“ бр.19а |
| **Единствен матичен број** | 6121110 |
| **Организациска структура** | Организациска структура на ТТК Банка АД Скопје |
| **Број на вработени на 30.6.2022 година** | 240 |
| **Финансиски активности кои Банката може да ги врши во согласност со дозволата за основање и работење издадена од гувернерот на НБРСМ** | • Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;<br>• Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;<br>• Издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);<br>• Финансиски лизинг;<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Брз трансфер на пари;<br>• Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;<br>• Изнајмување сефови, остава и депо;<br>• Тргување со инструменти на пазарот на пари;<br>• Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;<br>• Чување на хартии од вредност за клиенти;<br>• Советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;<br>• Продажба на полиси за осигурување;<br>• Застапување во осигурувањето;<br>• Посредување во склучување договори за кредити и заеми;<br>• Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;<br>• Економски-финансиски консалтинг;<br>• Други финансиски активности утврдени со закон кои може да ги врши Банката.<br><br>*Дозвола за основање и работење (прилог) |
| **Финансиски активности кои во** | • Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата; |

| | |
|---|---|
| **моментот ги врши Банката** | • Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата;<br>• Издавање и администрирање платежни средства (парични картички, меници);<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Брз трансфер на пари;<br>• Издавање платежни гаранции и други форми на обезбедување;<br>• Тргување со девизни средства;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Застапување во осигурувањето;<br>• Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица. |
| **Финансиски активности за кои од страна на гувернерот на НБРСМ е изречена забрана или ограничување за нивно вршење, односно е повлечена согласноста** | Нема. |

| **2. Податоци за акционерската структура на Банката** | |
|---|---|
| **Назив, седиште, правна форма, претежна дејност и процент на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката за акционерите правни лица со квалификувано учество** | • **„Тетекс“ АД Тетово**<br>ул. „Браќа Миладиновци“ бр 1, Тетово<br>68.20 - Производство на друга горна облека<br>Учество во вкупниот број акции од 41,53%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 41,53%<br><br>• **„Петролгас“ ДОО Тетово**<br>ул. „Видое Смилевски Бато“ бб,Тетово<br>68.20 - Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)<br>Учество во вкупниот број акции од 2,33%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 2,33%<br><br>• **Физички лица поврзани со „Тетекс“ АД Тетово**<br>Учество во вкупниот број акции од 5,47%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 5,47%<br><br>• **Вкупно групација „Тетекс“**<br>Учество во вкупниот број акции од 49,33%<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас од 49,33% |
| **Име и презиме, адреса и процент на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката за акционерите физички лица со квалификувано учество** | Нема. |
| **Вкупен број и вкупно учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката за акционери кои немаат квалификувано учество во Банката** | • Број на акционери кои немаат квалификувано учество во Банката: 1921<br>• Процент на учество во вкупниот број акции издадени од Банката: 50,67%<br>• Процент на учество во вкупниот број акции со право на глас издадени од Банката: 50,67% |

ТТК БАНКА АД Скопје
ул. „Народен Фронт“ бр. 19а
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
тел: 02/32 47 000 факс: 02/31 31 387

www.ttk.com.mk
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
тр. с-ка: 290-1000000000-46

| 3. Податоци за сопствените средства и адекватност на капиталот на Банката | |
|---|---|
| **Износ на почетен капитал запишан во Централен регистар** | 907.888.000 ден. |
| **Број на акции** | 907.888 обични акции |
| **Номинален износ на акциите** | 1.000 ден. |
| **Опис на карактеристиките на основните компоненти на сопствени средства** | Сопствените средства претставуваат збир на основниот и дополнителниот капитал, утврдени во согласност со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.<br>При утврдување на износот на сопствените средства, Банката ги почитува следниве стапки:<br>- редовниот основен капитал не смее да биде понизок од 4,5% од активата пондерирана според ризиците (стапка на редовен основен капитал) и<br>- основниот капитал не смее да биде понизок од 6% од активата пондерирана според ризиците (стапка на основен капитал).<br>Основниот капитал претставува збир на редовниот основен капитал и дополнителниот основен капитал.<br>Компоненти на редовниот основен капитал на Банката се: капиталните инструменти коишто ги исполнуваат условите од точка 14 од Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, премијата од продажба на капиталните инструменти, задолжителна општа резерва, задржаната нераспределна добивка која не е оптоварена со идни обврски и кумулативната сеопфатна добивка. Редовниот основен капитал е намален за износот на нематеријалните средства, вложувањата во капитални инструменти на лица од финансискиот сектор, при што тие лица имаат вложувања во Банката и вложувања во капитални инструменти на лица од финансискиот сектор во кои Банката има значајно вложување.<br>Банката нема додатен основен капитал. Дополнителниот капитал на Банката се состои од компонентата Субординирани кредити, по основ на емисија на корпоративна обврзница. |
| **Износ и компоненти на основниот капитал, утврден во согласност со Одлуката за Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот** | Основниот капитал на Банката изнесува 1.012.307 илјади денари и се состои од:<br>• Капитални инструменти од РОК: 907.888 илјади денари;<br>• Премија од капиталните инструменти: 126 илјади денари;<br>• Општ резервен фонд: 130.440 илјади денари;<br>• Задржана нераспределена добивка: 497 илјади денари;<br>• Кумулативна сеопфатна добивка или загуба: 15.245 илјади денари;<br>• Одбитни ставки: 41.889 илјади денари. |
| **Износ и компоненти на дополнителниот капитал, како и нивниот износ, кој во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот може да биде дел од сопствените средства на Банката** | • Субординирани кредити: 112.840 илјади денари. |
| **Вид на одбитните ставки од редовниот основен капитал** | • Нематеријални средства: 2.899 илјади денари;<br>• Вложувања во капитални инструменти од РОК на лица од финансискиот сектор, во кои Банката има значајно вложување: 38.990 илјади денари. |
| **Вкупен износ на сопствени средства и висина на адекватност на капиталот со состојба 30.6.2022 година** | • Вкупен износ на сопствени средства: 1.125.307 илјади денари;<br>• Адекватност на капиталот: 19,01%. |

| | |
|---|---|
| **Висина на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, прикажан одделно за билансните и вонбилансните ставки** | • Капитал потребен за покривање кредитен ризик: 402.051 илјади денари;<br>• Капитал потребен за покривање кредитен ризик од билансни ставки: 383.617 илјади денари;<br>• Капитал потребен за покривање кредитен ризик од вонбилансни ставки: 18.434 илјади денари. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на валутниот ризик, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватност на капиталот** | Нема. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на пазарниот ризик, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватност на капиталот** | Нема. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на ризикот од порамнување/испорака, утврден во согласност со Методологијата за утврдување на адекватност на капиталот** | Нема. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на ризикот од другата договорна страна** | Нема. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на цената на стоките** | Нема. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик** | Капитал потребен за покривање на оперативниот ризик: 71.427 илјади денари. |
| **Висина на капиталот потребен за покривање други ризици, доколку Банката или НБРСМ оценат дека е тоа потребно заради природата, видот и обемот на активностите коишто ги врши Банката.** | Нема. |

## 3.1. Податоци за стапка на задолженост

Точка 9 од Одлуката за методологијата за управување со ризикот и задолженост (Сл. весник на РМ, бр.26/17) и Точка 12 од Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за управување со ризикот и задолженост (Сл. весник на РМ, бр.64/17)

| **3.1. Податоци за стапката на задолженост (во 000 МКД)** | |
|---|---|
| **ОПИС** | **30.06.2022** |
| Просечна стапка на задолженост (прво полугодие на 2022 година) | 11,04% |
| Просечна стапка на задолженост (второ полугодие на 2021 година) | 10,91% |
| Износот на **редовен основен** капитал | 1.012.307 |
| Износот на **додатен основен** капитал | нема |
| Износот на **основен** капитал | 1.012.307 |
| Износ на вкупната **билансна** изложеност којашто се користи за пресметка на стапката на задолженост | 8.541.351 |
| Износ на вкупната **вонбилансна** изложеност којашто се користи за пресметка на стапката на задолженост | 385.121 |

| | |
|---|---|
| Износот на вкупните **билансни** изложености согласно последните финансиски извештаи | 8.611.791 |
| Износот на вкупните **вонбилансни** изложености согласно последните финансиски извештаи | 500.856 |
| Разликите билансна изложеност | Одбитните ставки од основниот капитал, акумулирана амортизација и аванси. |
| Разлики вонбилансна изложеност | Примена на различни фактори на конверзија. |

# ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА ТТК БАНКА АД Скопје



**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 15809 Скопје, 30 април 2013 година

Врз основа на член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# РЕШЕНИЕ

1. Точката 6 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија со кое е издадена дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово во „ТТК банка" АД Скопје, бр. 02-14/81-2006 од 5 јуни 2006 година, се менува и гласи:

„Банката може да ги врши следниве активности:
- прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- брз трансфер на пари;
- издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со инструменти на пазарот на пари;
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со хартии од вредност;
- купопродажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност;
- чување на хартии од вредност за клиенти;
- советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;
- продажба на полиси за осигурување;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица и
- економско-финансиски консалтинг".

2. Со донесувањето на ова решение, ставот 2 од точката 2 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7915 од 9

декември 2008 година и точките 3 и 4 од Решението на гувернерот бр. 5042 од 27 јули 2010 година престануваат да важат.

Образложение

Со член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13) се извршија измени во член 7 став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09 и 67/10), односно во делот на активностите коишто може да ги врши банка. Со измените се менуваат називите на некои од досегашните финансиски активности и се додаваат нови активности.

Согласно со член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките, Народната банка по службена должност, без поднесување барање од банките, ќе ги усогласи дозволите за основање и работење на банките во делот што се однесува на финансиските активности, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во точка 6 од Решението со кое е издадена дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово во „ТТК банка" АД Скопје, бр. 02-14/81-2006 од 5 јуни 2006 година, се наведени финансиските активности коишто може да ги врши Банката. Во 2007 година, со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 4/4944 од 9 август 2007 година на Банката ѝ е издадена согласност да врши услуги брз трансфер на пари. Со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7915 од 9 декември 2008 година е изменета точката 6 од Решението со кое е издадена дозвола за статусна измена - спојување на „Тетекс - Кредитна банка" АД Скопје и „Тетовска банка" АД Тетово во „ТТК банка" АД Скопје, односно направено е усогласување на финансиските активности коишто може да ги врши Банката согласно со Законот за банките. Дополнително, со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 5042 од 27 јули 2010 година, во финансиските активности коишто може да ги врши Банката е додадена и активноста „купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност".

Имајќи го предвид наведеното, како и најновите законски измени во делот на финансиските активности и обврската за усогласување на дозволите за основање и работење на банките во делот на финансиските активности, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Гувернер
Димитар Богов

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

„ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА“

ПТ Бр. 15-4098/1 Скопје, 7 февруари 2020 година

Врз основа на член 57 став 1 точка 2 и став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) и глава III од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/13, 24/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 50/19), одлучувајќи по барањето на „ТТК банка“ АД Скопје, гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Ѝ се издава претходна согласност на „ТТК банка“ АД Скопје за вршење на финансиската активност „застапување во осигурувањето“.

2. Во точка 1 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15809 од 30 април 2013 година во која се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „ТТК банка“ АД Скопје, по алинејата 17 се додава нова алинеја 18 „ - застапување во осигурувањето“. Алинеите 18, 19 и 20 стануваат алинеи 19, 20 и 21.

3. Гувернерот ќе ја повлече издадената согласност, доколку се утврди дека Банката повеќе не исполнува кој било од условите за вршење на финансиската активност предвидени во Законот за банките и Одлуката за издавање согласности.

## Образложение

На 19 ноември 2019 година „ТТК банка“ АД Скопје (понатаму во текстот: Банката) достави барање за добивање претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија (понатаму во текстот: Народната банка) за вршење на финансиската активност – застапување во осигурувањето, врз основа на член 7 став 1 точка 23 и член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките. Народната банка на 10 јануари 2019 година со допис побара дополнување на доставената документација. Банката ја достави бараната документација на 17 јануари 2020 година, со што барањето е комплетирано со документацијата предвидена во глава III точка 5 од Одлуката за издавање согласности.

Финансиската активност е дефинирана во Законот за супервизија на осигурувањето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19). Согласно со член 134-ж од Законот за супервизија на осигурувањето, работи на застапување во осигурувањето може да врши и банка која добила дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од Народната банка. Согласно со член 134-ж став 3 од Законот, „Народната банка ќе издаде дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето само врз основа на претходна согласност на Агенцијата за супервизија

на осигурувањето.“ На 27 август 2019 година, Агенцијата за супервизија на осигурувањето со Решението бр. 19-2-668 ѝ издала на Банката согласност за вршење работи на застапување во осигурување.

По разгледувањето на доставената документација, се оцени дека таа е во согласност со Законот за банките и Одлуката за издавање согласности. Воедно, се оцени дека Банката ќе биде организирана и способна да работи согласно со прописите и пропишаните супервизорски стандарди, при што се имаа предвид критериумите од точка 13 од Одлуката за издавање согласности.

Од доставената документација се утврди дека:

- постои економска оправданост за отпочнување со вршење на новата финансиската активност;
- Банката има соодветна структура на вработени за ефикасно и успешно вршење на новата финансиска активност и соодветна организациска поставеност;
- со предвидената внатрешна организација на Банката се обезбедува двојна контрола во вршењето на финансиската активност;
- Банката располага со соодветен информативен систем и техничка опременост за успешно и сигурно извршување на новата финансиска активност и поседува соодветен деловен простор и техничка опрема коишто ќе овозможат сигурно и непречено вршење на новата финансиска активност;
- овозможено е вклучување на новата финансиската активност во системот на внатрешна контрола, во внатрешната ревизија и во системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Банката;
- извршувањето на финансиската активност е регулирано со интерни акти;
- Банката по спроведената анализа на ризиците утврдила дека ризикот од воведувањето на новата финансиска активност – застапување во осигурувањето е низок;
- дефинирани се лицата со посебни права и одговорности надлежни за следење на вршењето на финансиската активност;
- во барањето и доставената документација не постојат недоследности коишто не можат да бидат објаснети.

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SHKUP
СКОПЈЕ

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.